ЗАПИСНИК

од 54-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 24.10.2024 г.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присурни гости: Благојче Николовски - ВД Директор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, Андреј Наумовски претседател на МГА, Вецко Стојчевски - директор на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, Васко Ристевски и Александар Митревски наставници, преставници на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ Новаци.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Анета Киселоска - раководител Николина Лозановска – советник, Оливера Димитровска -раководител.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 53-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Новаци за 2024 год.;
3. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 до 30.09.2024 год.;
4. Разгледување и донесување на Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2024/25;
5. Разгледување и донесување на Програма за управување со животната средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во Општина Новаци за 2024 год.;
6. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Јавниот повик и реализација на Програмата за работно ангажирање „Јавни работи“;
7. Разгледување и усвојување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2024 год.;
8. Разгледување на Барање од ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за трајно отстапување на возило;
9. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за период од 01.07.2024 до 30.09.2024г.;
10. Разгледување и усвојување на Одлука за утврдување на цените за услугите на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци;
11. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ Новаци за 2023г.;
12. Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ Новаци за учебната 2024/25 год.;
13. Разгледување на Барање од ЗУСК „Славко Лумбарковски“- Новаци за финансиски средства за реализација на воннаставните активностите во учебната 2024/25 год.;
14. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола за период од 01.07.2024 год. до 30.09.2024 год.;

15. Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2024 до 30.09.2024 год.;
16. Разгледување на Барање од ООУ„Славко Лумбарковски“ Новаци за 25 таблети за учениците од IV одд.;
17. Разгледување на Барање од ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за набавка на компјутери и компјутерска опрема за кабинетот по Информатика;
18. Разгледување на Повик за финансиска помош од Црвениот крст на РСМ за настраданото население од поплавите во Босна и Херцеговина;
19. Разгледување на Барање од „МИСТ-ЕТМ“ Дооел за отстапување на простор и финансирање на патни трошоци за организирање на настава по англиски јазик во с. Новаци;
20. Разгледување на Барање од Црковен одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ с. Рапеш за набавка на градежни материјали за изградба на манастирот;
21. Разгледување на Барање од ЗФК „Далбеговци 2023“ за финансиски средства за есенската натпреварувачка сезона 2024 год.;
22. Разгледување на Барање од Мендо Божиновски (овчар) од с. Суводол, за финансиска помош поради штета направена врз овци од страна на диви кучиња;
23. Разгледување на Барање од жители на с. Новаци за санација и асфалтирање на улица;
24. Разгледување на Барање од Здружение за развој и промоција на духовни идеи „Св.Илија“ с. Живојно за набавка на градежен материјал (20 м³ песок);
25. Разгледување на Барање од МЗ на с.Долно Орехово за набавка на водоводни елементи;
26. Разгледување на Преглог за донација (поставување на урбана опрема) од ДПГУ ИВЕА КОНСТРАКШН ДООЕЛ и донесување на Одлука за прифаќање на донацијата;
27. Разгледување на Барање од Младинска граѓанска акција за реконструкција на тоалетите во Младинскиот културен центар;
28. Разгледување и усвојување на Извештај од Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди за опожарениот манастир „Св. Илија“ во с. Гнилеш;
29. Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

1. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Трајанка Стевановска од с. Далбеговци, лице со здравсвени проблеми.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 54-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени и дополни со 1 (една) дополнителна точка, која неодложно треба да се разгледа на оваа седница.

1. Разгледување на Преглог за донација (поставување на урбана опрема) од ДПГУ ИВЕА КОНСТРАКШН ДООЕЛ и донесување на Одлука за прифаќање на донацијата;.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 54-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањата е составен од 31 (триесет и една) точка, со тоа што точката бр. 29 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 31.

1 точка Разгледување и усвојување на Записникот од 53-та седница на Совет на Општина Новаци.

По разгледувањето, Записникот од 53-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за**.

2 точка Разгледување и донесување на Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Новаци за 2024 год.

По однос на втората точка, збор зеде Оливера Димитровска-раководител на финасии која пред советниците даде објаснување на што се должи проширувањето на Буџетот. Имено на сметката на Општина Новаци пристигна донација од УНДП по основ реализација на проект кој Општина Новаци го реализира од Програмата ОКР - 2024год.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.

3 точка Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 до 30.09.2024 год.

За третата точка повторно збор зеде Оливера Димитровска која на советниците детално им го презентираше Финансискриот извештај за реализација на средствата во третиот квартал и потенцираше дека во овој квартал има помала реализација на капиталните инвестиции

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци за периодот 01.01.2024 год. до 30.09.2024 год.(трет квартал).

4 точка Разгледување и донесување на Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2024/25.

Советниците ја разгледаа Програмата со која се предвидуваат условите за ефикасно спроведување на зимското одржување на локалните патишта и улици на територија на Општина Новаци согласно приоритет за функционирање на сообраќајот чие функционирање е од витално значање на општината.

По кратката дискусија, советниците со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесоа Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2024/25 година.

5 точка Разгледување и донесување на Програма за управување со животната средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во Општина Новаци за 2024 год

Советниците ја разгледаа Програмата за чија реализација се обезбедуваат средства од надоместокот за производство на фосилни горива, а кои ќе се наменат за дореализација на проект „Изградба на пешачко-рекреативна патека од Новаци до манастирот Пресвета Богородица“.

Советниците, по кратката дискусија гласаа, така што со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесоа Програма за управување со животната средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во Општина Новаци за 2024 година.

6 точка Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Јавниот повик и реализација на Програмата за работно ангажирање „Јавни работи“

Советот беше информиран дека со овој проект се ангажираат 20 лица, кои ќе бидат ангажирани во времетраење од 22 работни дена со месечен надоместок од 11.000,00 ден. по лице.

Советниците гласаа така што со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесоа Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Јавниот повик и реализација на Програмата за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенција за вработување на РСМ.

7 точка Разгледување и усвојување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2024 год.

Благојче Николовски - ВД Директор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, зеде збор по однос на седмата точка и пред Советот детално ја презентираше Програмата за работа на претпријатието, чија измена е неопходна поради исцрпување на предвидените финансиски средства кои се резултат на непредвидени активности, како активности од областа на нискоградба и градежништво, чистење на диви депонии, вегетација и порои, доставување на вода за пиење и сл., а произлегуваа од итните потреби и барања на граѓаните. Тоа резултираше со исцрпување на предвидените средства и тие што остануваат се недоволни за работење на претпријатието до крајот на 2024 год.

Советот разви дискусија и по дискусијата со **9 гласа за** донесе Одлука за давање на согласност на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2024 година.

8 точка Разгледување на Барање од ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за трајно отстапување на возило.

По однос и на оваа точка Благојче Николовски зеде збор, а се однесува за неопходноста од превземањето на специјалното возило Mitsibishi FUSO во нивно владение, затоа што за продолжување на дозволата за собирање и транспорт на неопасен отпад потребно е претпријатието да поседува сопствен возен парк.

По излагањето на ВД директорот, совениците развија дискусија при што беше предложено возилото да се даде на ЈПКД Комунална хигиена на трајно користење а не на трајно отстапување. Ваквиот предлог беше ставен на гласање така што Советот **едногласно** донесе Одлука за трајно користење на возило со специјална намена во сопственост на Општина Новаци на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци.

9 точка Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за период од 01.07.2024 до 30.09.2024г.

Благојче Николовски - ВД Директор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци им го презентираше Финансискиот извештај за третиот квартал пред Советот при што нагласи дека во периодот од 01.07.2024 до 30.09.2024г. претпријатието оствари позитивен финансиски резултат-добивка од 476.245 денари.

Советниците го разгледаа Финансискиот извештај и гласаа, така што со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесоа Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година.

10 точка Разгледување и усвојување на Одлука за утврдување на цените за услугите на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци

И по однос на десетта точка Благојче Николовски даде објаснување дека промената на цената на услугите се однесува само за правни лица, додека цената на услугите за физички лица остануваат непроменети.

Советниците со **9 гласа за** донесоа Одлука за давање на согласност за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци.

11 точка Разгледување и усвојување на Финансиски извештај на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ Новаци за 2023г

Васко Ристевски и Александар Митревски наставници, претставници на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ Новаци, пред советниците го презентираа финасискиот извештај за потрошените средства во износ од 140.000,00 ден кои беа издвоени од Буџетот на Општина Новаци во 2023г. за реализација на воншколските спорксви активности на ЗУСК .

Советниците го разгледаа Финансискиот извештај и по дискусијата со **9 гласа за** донесоа Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ Новаци за 2023 година.

12 точка Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ Новаци за учебната 2024/25 год.

Претставници на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ Новаци, ја презентираа Годишната програма пред Советот при што потенцираа дека се вклучени подеднакво и машки и женски ученици на воздраст од 8-14 год. и тоа во следните спортови: атлетика, футсал и фудбал, одбојка, пинг-понг, кошарка и ракомет. Вкупно членуваат 60 деца.

Советниците ја разгледаа Годишната програма, по што гласа и со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесоа Одлука за давање на согласност на Годишна програма за работа на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ Новаци за учебната 2024/2025 година.

13 точка Разгледување на Барање од ЗУСК „Славко Лумбарковски“- Новаци за финансиски средства за реализација на воннаставните активностите во учебната 2024/25 год

Советниците го разгледаа Барањето од ЗУСК „Славко Лумбарковски“- Новаци, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за одобрување на финансиски средства на ЗУСК ,,Славко Лумбарковски“ Новаци за учебната 2024/2025 година во висина од 140.000,00 ден.

14 точка Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола за период од 01.07.2024 год. до 30.09.2024 год.

Советот на Општина Новаци го разгледа Финансискиот извештај за последното тромесечие претставен преку приходи и расходи, при што доби информација дека МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола заклучно со 30.09.2024год. на својата сметка има 2.686.107,00 ден. што значи дека прикажува позитивен финансиски резултат.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 г.

15 точка Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.07.2024 до 30.09.2024 год.

Советниците го разгледаа Кварталниот извештај и при тоа нема никакви забелешки така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за усвојување на Финансиски извештај за извршување на буџетот на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за извештајниот период (комулативно) за квартал од 01.07.2024 до 30.09.2024 година.

16 точка Разгледување на Барање од ООУ„Славко Лумбарковски“ Новаци за 25 таблети за учениците од IV одд.

Вецко Стојчевски - директор на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, по однос на оваа точка зеде збор и пред советниците даде објаснување за неопходноста од набавката на 25 таблети кои на 4-то одделенците им овозможува непречено следење на наставните содржини сообветно на новата наставна програма. Набавката на таблети која се реализира веќе четврта година по ред е финансирана од Буџетот на Општина Новаци.

Советниците по кратката дискусија гласаа така што **едногласно** донесоа Одлука за набавка на таблети за учениците од IV одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, со напомена дека набавката ќе се реализира од Буџетот на општина Новаци во 2025 год.

17 точка Разгледување на Барање од ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за набавка на компјутери и компјутерска опрема за кабинетот по Информатика

Директорот на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, Вецко Стојчевски пред Советот даде објаснување дека кабинет по Информатика кој е неопходен за современиот начин на реализирање на наставните образовни содржини, веќе десеттина години не е во функција поради застарена и неупотреблива компјутерска опрема. Старите компјутери кои се сервисирани неколку пати се вонупотреба. Финансиските можности на училиштето се ограничени така што на таа ставка во буџетот на училиштето се планирани само 20.000,00 ден. кои се далеку од доволни. За да се опреми кабинетот по Информатика поредно е да се набават: 13 лаптоп компјутери, 3 десктоп компјутери, 2 принери, 2 звучници и 2 безжични рутери.

По излагањето на директорот Советот на општина Новаци дискутираше и по дискусијата гласаше така што со **9 гласа за** донесе Одлука за набавка на компјутери и компјутерска опрема за кабинет по Информатика на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, со напомена дека и оваа набавка ќе се реализира од Буџетот на општина Новаци во 2025 год.

18 точка Разгледување на Повик за финансиска помош од Црвениот крст на РСМ за настраданото население од поплавите во Босна и Херцеговина

До Општина Новаци пристигна Повик за помош од Црвениот крст на РСМ за настраданото население од поплавите во Босна и Херцеговина. Повикот беше разгледан од Советот на Општина Новаци при што беше даден предлог висината на финасиските средства да изнесува 30.000,00 ден.

Ваквиот предлог беше прифатен така што со **9 гласа за** Советот на Општина Новаци донесе Одлука за доделување на финансиска помош за настраданото население од поплавите во Република Босна и Херцеговина ви износ од 30.000,00 ден.

19 точка Разгледување на Барање од „МИСТ-ЕТМ“ Дооел за отстапување на простор и финансирање на патни трошоци за организирање на настава по англиски јазик во с. Новаци

Советниците го разгледаа Барањето од „МИСТ-ЕТМ“ Дооел, при што се разви дискусија.Од самата дискусија произлезе дека за донесување на одлука по однос на оваа точка на советниците им се потребни дополнителни информации поради што беше предложено оваа точка да се рзгледува на наредна седница кога ќе бидат доставени неопходните информации.

Ваквиот предлог беше прифатен со **9 гласа за** поради што Барањето од „МИСТ-ЕТМ“ Дооел за отстапување на простор и финансирање на патни трошоци за организирање на настава по англиски јазик во с. Новаци е одложено и ќе се разгледува на некоја наредна седница.

20 точка Разгледување на Барање од Црковен одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ с. Рапеш за набавка на градежни материјали за изградба на манастирот

Советниците го разгледаа Барањето од Црковен одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ с. Рапеш, и одлучија поради обемноста на набавката на градежни материјали, а соодветно на финансиските можностите на општината, да се одобри набавка само на 7500 тули.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за одобрување набавка на градежен материјал за манастирот „Св. Петар и Павле“ с. Рапеш (7500 тули).

21 точка Разгледување на Барање од ЗФК „Далбеговци 2023“ за финансиски средства за есенската натпреварувачка сезона 2024 год.

Советниците го разгледаа Барањето од ЗФК „Далбеговци 2023“ по што гласаа, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на финансиски средства на ЗФК „Далбеговци 2023“ с. Далбеговци, Новаци во висина од 65.000,00 ден.

22 точка Разгледување на Барање од Мендо Божиновски (овчар) од с. Суводол, за финансиска помош поради штета направена врз овци од страна на диви кучиња;

Мендо Божиновски (овчар) од с. Суводол достави Барање до Советот на Општина Новаци затоа што во неколку наврати дивите кучиња го нападнале неговото стадо овци и однеле неколку овци, за што тој уредно пријавил во МВР-Битола и Ветеринарната служба надлежна за овој регион, за што поседува и соодветна документација. Советниците го разгледаа Барањето и предложија обештетување во висина од 20.000,00 ден.

Ваквиот предгог беше ставен на гласење така што со **7 гласа за и 2 гласа воздржан**, Советот донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Мендо Божиновски од с. Суводол во износ од 20.000,00 ден.

23 точка Разгледување на Барање од жители на с. Новаци за санација и асфалтирање на улица

Жители од с. Новаци имаат проблем со дел од уличната мрежа, особено кога има поројни дождови, па затоа доставија Барање до Советот на Општина Новаци за што поскоро решавање на нивниот проблем.

Советот го разгледа Барањето и по дискусијата со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за санација и реконструкција на улица во с. Новаци.

24 точка Разгледување на Барање од Здружение за развој и промоција на духовни идеи „Св.Илија“ с. Живојно за набавка на градежен материјал (20 м³ песок)

Советниците го разгледаа Барањето за набавка на градежен материјал за манастирот „Св. Илија“ во с. Живојно, во кој постојано се реализираат градежни зафати, со цел негово зачувување и одржување.

Советот со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за одобрување набавка на градежен материјал (20 м³ песок) за манастирот „Св. Илија“ с. Живојно.

25 точка Разгледување на Барање од МЗ на с.Долно Орехово за набавка на водоводни елементи

Жителите на с. Д.Орехово имаат постојано проблем во водоснабдувањето па затоа доставија Барање до Општина Новаци за набавка на водоводен вентил и водоводно црево Ф-63.

Советот го разгледа барањето и со **9 гласа за** донесе Одлука за одобрување набавка на градежен материјал за с. Долно Орехово.

26 точка Разгледување на Преглог за донација (поставување на урбана опрема) од ДПГУ ИВЕА КОНСТРАКШН ДООЕЛ и донесување на Одлука за прифаќање на донацијата

Бидејќи дополнителната точка (точка бр.30) се однесува за истото прашање, (се разликуваат во катастерските парцели кои се наведени) затоа оваа точка Советот на Општина Новаци не ја разгледуваше.

27 точка Разгледување на Барање од Младинска граѓанска акција за реконструкција на тоалетите во Младинскиот културен центар

МГА од с. Новаци достави Барање, во кое се наведува проблемот со протекувањето на вода од санитарните простории кои се наоѓаат на вториот кат, во просториите на Младинскиот Културен центар кои се наоѓаат на првиот кат. Поради тоа тие бараат итна реакција за отстранување на проблемот со санирање на санитарните простории- изјави Андреј Наумовски,претседател на МГА.

Советот го разгледа Барањето така што со **9 гласа за** донесе Одлука за одобрување реконструкција на санитарните простории во Младинскиот културен центар с.Новаци;

28 точка Разгледување и усвојување на Извештај од Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди за опожарениот манастир „Св. Илија“ во с. Гнилеш

Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди до Советот на Општина Новаци достави Извештај од извршениот увид на манасирот „Св.Илија “во с. Гнилеш кој беше зафатен од пожарите кои го зафатија овој регион во месец август.

По разгледувањето на целокупната документација Советот на Општина Новаци со **9 гласа** донесе Одлука за усвојување на Извештај за проценета штета од пожар на градежни објекти во состав на манастирот „Св. Илија“ с. Гнилеш.

Дополнувања:

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

29 точка Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Трајанка Стевановска од с. Далбеговци, лице со здравсвени проблеми.

Советниците го разгледаа Барањето од Трајанка Стевановска од с. Далбеговци, како лице со повеќегодишни здравствени проблеми, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Трајанка Стевановска од с. Далбеговци во висина од 10.000 ден.

30 точка Разгледување на Преглог за донација (поставување на урбана опрема) од ДПГУ ИВЕА КОНСТРАКШН ДООЕЛ и донесување на Одлука за прифаќање на донацијата

ДПГУ ИВЕА КОНСТРАКШН ДООЕЛ достави Предлог до Советот на Општина Новаци за донирање на Основен проект за поставување на урбана опрема – настрешници и тезги за пазар на КП 874/1 Ко Новаци- вонград.

Советот го разгледа Предлогот и истиот го прифати така што со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за примање на донација од Д.П.Г.У ИВЕА КОНСТРАКШН ДООЕЛ, Куманово.

31. Советнички прашања.

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 54-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска